РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Број 17 - 22/1

Датум 14.03.2011 200 __ год

СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10), Одборот за акредитација на 35 седница одржана на 24.02.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## со кое се акредитираат двегодишните (3+2) и едногодишните (4+1) студиски програми за вториот циклус последипломски студии од областа на Финансиски менаџмент на Приватниот научен институт за бизнис економија во Скопје

1. Се акредитира студиска програма од вториот циклус последипломски студии по **Финансиски менаџмент** на Приватниот научен институт за бизнис економија во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклус студии од областа **Финансиски менаџмент,** во траење од една и две години (два и четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус и одбрана на магистерски труд, студентот се стекнува со научниот степен **магистер на економски науки од областа на Финансиски менаџмент**, научно-истражувачко подрачје: економски науки, научна област: Финансиски менаџмент.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Приватниот научен институт за бизнис економија во Скопје, по претходно донесената одлука на Советот на Приватниот научен институт за давање согласност за организирање на втор циклус на студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми за Финансиски менаџмент од Советот на

приватниот институт, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.15-46/1 од 01.04.2010 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус (последипломски студии), студиска програма по финансиски менаџмент.

Одборот за акредитација на својата 27 седница одржана на 12.05.2010 година формира експертска комисија и на 35 седница одржана на 24.02.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**
**проф. д-р Михаил Петковски**